**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-125/2
31.08.2020 година

| **СОСУ„Илинден“ – Општина Илинден, Скопје** | |
|---|---|
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 10, 11 и 12.02.2020 година |
| **Број на извештај:** | 3/1/2020 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Соња Миладинова |
| **Вид на училиштето:** | Средно училиште |
| **Подрачни училишта:** | Нема |
| **Основач на училиштето:** | Совет на Општина Илинден |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 253 |
| **Полова структура на ученици:** | 198 машки и 55 женски |
| **Број на наставници:** | 18 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Јовче Петковски |
| **Директор на училиштето:** | Зоранче Арсовски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 25.01 – 27.01.2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.„534“, бр.29, населено место Марино, општина Илинден, Скопје |
| **Телефон:** | (02) 2 556 111 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | suilinden@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | Добро (3,32) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2020 година и Законот за просветната инспекција, во периодот од 10 до 12 февруари 2020 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на СОСУ„Илинден“ – општина Илинден.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работењето во СОСУ„Илнден“ – општина Илинден е **добро**[1] (3,32).

Воспитно-образовната работа во училиштето се организира и остварува според наставниот план и програми за електротехничка струка образовни профили електротехничар за компјутерска техника и автоматика и електротехничар за електроника и телекомуникации и двете со четиригодишно траење на образованието, на македонски наставен јазик. Наставниот план и програма се реализираат во пропишаниот обем.

Со Одлука Бр.08-53/10/3 од 21.08.2019 година од директорот на училиштето формиран е инклузивен тим кој работи според изготвена програма заведена под дел.бр.08-53/10/4 од 21.08.2019 година која е составен дел од годишната програма. Во учебната 2019/2020 година нема ученици со наод и мислење од надлежна институција. Од страна на психологот 2 ученици се детектирани како ученици со потешкотии, а 14 како надарени и талентирани ученици.

Учениците се вклучени во воннаставните активности според сопствен избор. Во воннаставните активности, особено во секциите опфатени се голем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции кој ги детектираат наставниците.

Училиштето нема основано училишен спортски клуб.

Средниот успех на учениците во учебната 2016/2017 година е 3,47, во учебната 2017/2018 година е 3,48 и во учебната 2018/2019 година средниот успех е 3,43. Среден успех на учениците во последните три (3) години изнесува 3,46.

Со Решение бр.04-53/11/5 од 12.09.2019 година од директорот на училиштето формиран е тим за планирање и следење на реализираните активности од проектот за меѓуетничка интеграција. Сите наставници планираат и реализираат наставни и воннаставни активности со интегрирани содржини од меѓуетничка интеграција во рамки на училиштето, но нема партнер училиште за реализирање заеднички активности со јазично мешани групи од причини што училиштето кога отпочнало со работа проектот веќе бил отпочнат и има потешкотии со пронаоѓање партнер училиште. Во холот на училиштето има истакнато изработки и фотографии кои го отсликуваат мултикултурниот карактер на државата.

Училиштето презема добро структурирани активности за промовирање на струките и образовните профили кои се изучуваат со цел да го афирмира училиштето и запише што поголем број на ученици до пополнување на бројот предвиден со Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта. Активностите вклучуваат посета на основните училишта главно во реонот на општината, организирање на отворен ден за презентирање на училиштето пред учениците од основните училишта, изработка на брошури и флаери. Бројот на запишани ученици во прва година во учебна 2017/2018 година е 66, во 2018/2019 е 68 и во 2019/2020 тој изнесува 68 запишани ученици во две паралелки.

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата за наставата. За успешна реализација на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања во електронска и пишана форма. Покрај

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

редовната настава наставниците ги планираат дополнителната и додатната настава, слободните ученички активности, како и практичната настава. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, со определени цели за постигањата на учениците. Наставниците разменуваат мислење за планирањата во рамките на стручните активи и со стручната служба. Примената на ИКТ е застапена во планирањата кај сите наставници.

Од проектот „Комјпутер за секое дете“, добиени се 60 работни места-компјутери. Во текот на интегралната евалуација со функционална комјутерска опрема опремени се 6 училници во кои се распоредени 140 работни места-монитори. Од информатичко компјутерска технологија училиштето располага со 20 лаптопи, 6 смарт табли, 14 ЛЦД проектори, 2 Мимио уреди, а кабинетите за практична настава се опремени со осцилоскопи, фреквенцметри, унимери.

Во училиштето има добри услови за реализација на часовите со примена на информатичко-компјутерска тахнологија. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и во планирањата имаат предвидено реализација на наставни содржини со примена на ИКТ и користење на дигитални и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата е во согласност со предвидената динамика во годишните планирања.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Притоа обезбедува еднакви можности за учениците имајќи ги предвид нивните способности, пол, социјално потекло, етничка и религиска припадност.

Училиштето е вклучено во проектот „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот воспитно-образовен систем“. За таа цел, во склоп на годишната програма за работа на училиштето содржани се и план и програма за реализирање на еко активности. Со Решение бр.08-53/11/3 од 12.09.2019 година од директорот на училиштето формиран е тим за реализирање на активностите од еко проектот. Наставниците во рамките на своите планирања имаат интегрирани еколошки содржини и точки на акции од воспоставените еко-стандарди.Тимот за еко проектот редовно изготвува извештаи за реализираните активности.Има примери на реализирани еколошки акции на иницијатива на учениците, во интерес на локалната заедница.

Во училиштето се применуваат позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценување со изработен Правилник за истакнување, пофалување и наградување на учениците заведен под дел.бр.02-13/12/1 од 18.05.2016 година усовен од органите и телата во училиштето. Наставниците ги применуваат критериумите и стандардите за оценување со кои и учениците и родителите се целосно запознаени. Родителите добиваат евидентни листови и писмени известувања со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, програма за разрешување и програма за превенција од насилство. Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци. Во училиштето има поставено апликации за забрана на истите.

Училиштето нема организирана исхрана за учениците. Во училишниот хол е поставен автомат за пакувана храна. Учениците и вработените се снабдуваат со храна и од околните продавници. Училиштето нема увид во квалитетот на храната што се нуди во нив. Нема регистрирани случаи на труење со храна.

Хигиената во училиштето е многу добра. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците, се чистат секој ден, по два пати во секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат еднаш неделно.

Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци, хортикултурно е уреден и редовно се одржува, при што се вклучуваат и учениците.

СОСУ„Илинден“, Општина Илинден е препознатливо според квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области како и според остварувањето на визијата и мисијата. Училиштето остварува многу добра соработка со компаниите кои по завршувањето на образованието нудат можност за вработување на учениците. Училиштето ја подржува инклузивноста, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените добро се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива голем респект кај родителите. Училиштето има посебни кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред за однесување на сите вработени. Училиштето има донесено Еко-кодекс кој е истакнат на видно место, во холот на училиштето.

Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на многу добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата.

Училишната зграда е изгадена во 2012 година, а е отпочнато со реализирање на воспитно-образовна работа од учебната 2013/2014 година. Објектот е од модуларен систем на градба, изграден целосно од еколошки, термоизолациони матерјали со вкупна површина од 2279,84 $m^2$ со приземје и кат. Училишниот двор е со површина од 6500 $m^2$. Во непосредна близина на училиштето се лоцирани Спортска сала и отворено тениско игралиште кои се во сопственост на општината. За нивното одржување се грижи општината, а во времетраење на наставата се користат за потребите на училиштето.

Училиштето располага со 9 училници, 1 кабинет по информатика, 2 кабинети за реализирање на практична настава за образовниот профил електротехничар за електроника и телекомуникации и 2 кабинета за реализирање на практична настава за образовниот профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика, библиотека, 3 помошни простории за складирање на нагледните и техничките средстава како и за одржување стручни активи, конференциска сала, 1 наставничка канцеларија, канцеларии за психолог, секретар и директор, една просторија за технички персонал и просторија за хаусмајстор. Загревањето и ладењето на училишниот објект е со сопствен систем на принцип геотермални води.

Во училиштето има вкупно 4 санитарни јазли за ученици (по два на кат) и 2 за вработени.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала соодветствува со современите текови на наставата и истата има тенденција на подобрување.

Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 18 наставници од кои 2 врз основа на склучен договор надополнуваат фонд во училиштето, а правото од работен однос го остваруваат во други училишта. На 16 наставници ова училиште им е матично. Од нив 10 се вработени на определено работно време. Еден наставник е приправник и за него е назначен ментор кој е наставник во друго училиште. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со нормативите од наставнта програма освен тројца наставници кои се соодветно високо образование но не се стекнале со педагошко-психолошка доквалификација. Истите се ангажирани по пат јавен оглас како единствени пријавени кандидати. Училиштето има стручен соработник психолог кој редовно им дава поддршка на наставниците во организација на наставата и го следи напредокот на учениците.

Со училиштето управува Училишнен одбор (УО) конституиран во согласност со законската регулатива. Сите членови се со важечки мандат. Работата на Училишниот одбор е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска

регулатива. Раководен орган на училиштето е директор во втор мандат, именуван со Решение Бр. Бр.04-1614/4 од 28.12.2017 година од Градоначалникот на Општина Илинден, кој ги исполнува исполнува условите за директор согласно со закон. Фокусот на работењето на директорот е на унапредување на квалитетот на наставата и зајакнување на компетенциите на наставниот кадар преку обуки, доопремување на кабинетите за практичната настава, опремување на сите училници со смарт табли, за што е во тек јавна набавка за 6 смарт табли и зајакнување на соработката со деловната заедница (бизнис секторот).

За планирање и реализирање на воспитно- образовната работа во учебната 2019/2020 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа за учебната 2019/2020 година, заведена под дел. бр.01-109/1 од 28.08.2019 година, разгледана и усвоена со Одлука Бр.02-57/26/1 од 23.08.2019 година од Училишниот одбор, донесена со Одлука Бр.07-1770/11 од 27.09.2019 година од Советот на општина Илинден. Донесената годишна програма е доставена до Бирото за развој на образованието и до Државниот просветен инспекторат во електронска форма.

Училиштето има изготвено Програма за развој за периодот од 2018 до 2022 година заведена под дел.бр.01-93/2 од 24.08.2018 година, донесена со Одлука бр.02-48/31/1 од 29.08.2018 година на Училишниот одбор. Развојниот план содржи временска рамка и акционен план за реализација на планираните активности.

Училиштето има спроведено самоевалуација за периодот 2016-2018 година, во која се опфатени учебните 2016/2017 и 2017/2018 година, заведена под дел.бр.01-94/2 од 01.10.2018 година. Извештајот од Самоевалуацијата е разгледуван и усвоен со Одлука Бр.02-48/39 од 03.10.2018 година од Училишниот одбор. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата не е електронски доставен до Државниот испитен центар. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб страната на училиштето.

Воспитно – образовната работа на СОСУ„Илинден“ – општина Илинден е уредена со Статут заведен под дел.бр.01-34/1 од 24.09.2013 година, донесен со Одлука Бр.01-34/2 од 24.09.2013 година од Училишен одбор и со добиена согласност од Министерство за образование и наука, Решение бр.19-12175/4 од 30.12.2013 година. Последната измена на статутот е извршена со Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот донесена од УО, заведена под дел.бр. 02-57/21 од 23.05.2019 година.